*Сузана СИМОНОВСКА*
*Билјана НАЦКОВСКА-ВЕЉКОВИЌ*

**УДК: 174-057.15 : 364-78**

# ЕТИКАТА И СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

***Кратка содржина***

*Исходувајќи од основната улога на социјалната работа како помагателна професија, која е во функција да им служи и помага на граѓаните кои имаат одредена социјална потреба, целта на овој труд е да ја актуализира заемната поврзаност на етиката и социјалната работа. Всушност, целта е да се покаже важноста на етичкото однесување на социјалните работници и потребата од почитување на етичките принципи и кодекси на однесување, димензија занемарена на нашите простори, а за што говори и фактот дека од осамостојувањето на Република Македонија сè уште не е изработен етички кодекс, посебно наменет за социјалните работници.*

***Клучни зборови***: *ЕТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА, СОЦИЈАЛНА РАБОТА, ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ, ВРЕДНОСТИ И КОДЕКСИ*

## Вовед

Етиката како наука за моралот, за добриот живот и исправните човекови дејства е суштинска компонента не само во секојдневниот живот на човекот, туку и во професионалниот живот и професионалното однесување на луѓето. Етиката, всушност, претставува збир на морални принципи и вредности кои го насочуваат однесувањето на личноста, групата или организацијата кон тоа што е правилно или погрешно, и што може да се смета за добро или лошо во однесувањето или во донесувањето одлуки (Меки, 2004). Оттука, денес е посебно актуелна професионалната етика, која се развива како посебна дисциплина во рамките на нормативната (применета) етика, и таа добива сè поголемо значење. Целта на професионалната етика е да утврди, формулира, принципи, норми и правила по кои треба да се раководиме во професионалната дејност и е во функција на унапредување и подобрување на заемните професионални односи меѓу луѓето.

Професионалната етика е суштинска димензија и на социјалната работа, која претставува, пред сè, помагателна професија и во чија основа лежат меѓучовечките односи кои треба да бидат засновани на почитување на човековите права и социјалната правда. Затоа, нема сомнение дека социјалниот работник во својата професионална дејност треба да се раководи од одредени морални начела, од што зависи, пак, успешното извршување на работните задачи и различните професионални улоги што ги има во секојдневната работата со клиентите. Како што се вели „за добра социјална работа се потребни добри социјални работници“, а добар

социјален работник не е оној што поседува само стручни знаења. Добар социјален работник подразбира и етички изградена личност, со развиена морална свест и со чувство на одговорност во вршењето на својата професија (Симоновска, Скаловски, 2012: 38). Во таа насока, целта на овој труд е да ја потенцира важноста на етичкото однесување на социјалните работници и потребата од почитување на етичките принципи и кодекси на однесување. Оттука произлегува и потребата од создавање нов етички кодекс во Република Македонија, посебно наменет за социјалните работници, збогатен со нови принципи и области на работа, а кои ќе бидат во корелација со современите трендови во социјалната работа и етичките принципи содржани во меѓународните етички документи и декларации.

Со цел да се добијат сознанија за примената на етичките принципи во доменот на социјалната работа и заштита во Република Македонија, за потребите на овој труд се искористени податоци од спроведено истражување[1] во кое се анкетирани 100 социјални работници и воедно е спроведено интервју со експерти, вработени во Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности и Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје.

## Етичките вредности и принципи во социјалната работа

Поимите норма и обврска, како своја основа и корелатив, нужно го претпоставуваат поимот вредност. Вредностите претставуваат идеали, замисли кои ги изразуваат општите аспирации на луѓето. Тие посочуваат на она што е значајно, пожелно, вредно и ја даваат смислата на нашите поединечни и заеднички потфати. Моралните норми и/или етичките принципи, како начела за тоа што е добро а што лошо, произлегуваат од вредностите, односно вредностите се преточуваат во одредени норми (Симоновска, Скаловски, 2012: 22). Оттука, и етичките начела, поставени во рамките на една професија, се базираат врз одредени вредности според кои припадниците на професијата треба се раководат во својата дејност. Тие имаат посебна улога и значење во регулирањето и подобрувањето на професионалните односи помеѓу луѓето и произлегуваат од соодветната активност и потребата од квалитет во извршувањето на професионалната дејност. Затоа професионалната етика, како збир на вредности и норми за доброто и исправно извршување на дејноста, треба да биде составен дел на секоја професија.

Професионалната етика е во основата на теоријата и праксата на социјалната работа, чија цел е давање стручна и професионална помош на сите оние лица на коишто таа им е неопходна (Milosavlevič, 2002). Еден социјален работник за да биде успешен во својата дејност, покрај професионалните способности и вештини, треба треба да биде и изградена морална личност со позитивни етички квалитети, а етичките принципи да бидат раководно начело во неговата дејност (во ра-

[1] Истражувањето е спроведено од страна на Билјана Нацковска–Вељковиќ за потребите на докторската дисертација „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа“, одбранета на 29 февруари 2016 година на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

бота со клиентот, групата или во локалната заедница) (Banks, 2012; Clark, 2000). Иван Видановиќ (1998) како суштински или есенцијални квалитети на социјалниот работник ги истакнува: емпатичноста, почитувањето на личноста на клиентите, автентичноста, саморазбирањето, самоконтролата и професионалното знаење. Успешноста во извршувањето на социјалната работа зависи од поседувањето на овие квалитети, кои доаѓаат до израз во целокупната работа на социјалниот работник (од припремната фаза за почеток на работа со клиентот, па сè до заклучување на процесот), особено ако се има предвид дека нема „лесни решенија во социјалната работа", токму поради секојдневното соочување со угнетување и лишување (Trevithick, 2004: 2).

Професионалниот однос меѓу социјалниот работник и клиентот, кој се воспоставува кога клиентот има социјални потреби или проблеми што го попречуваат и оневозможуваат неговото успешното социјално функционирање, се разликува од другите односи (семејни, пријателски, соседски). Тој однос се формира поради однапред одредена и договорена цел, временски е ограничен, постои авторитет, односот е контролиран и е во интерес на клиентот. Овој однос трае одреден временски период и е првенствено насочен кон задоволување на потребите на клиентот, а не на потребите на социјалниот работник, што не ја исклучува можноста да бидат задоволени и некои негови професионални потреби. Во тој специфичен однос со клиентот, социјалниот работник е „човек од страна", бидејќи не е директно инволвиран во животната ситуација на клиентот, иако неговата инволвираност може со текот на времето да се зголемува. Станува збор за една специфична релација, која се развива слободно и неформално, а која сепак се нарекува работен однос, терапевски однос или терапевска алијанса (Hepworth, Rooney, at all, 2010; Turner, 2011).

И покрај тоа што професионализацијата на социјалната работа бара прецизирање на типот и стандардите на услугите и работата, како и регулирање на односите со клиентите, тоа не значи дека социјалната работа ја „изгубила душата" и дека односот социјален работник – клиент е механички процес во кој изостанува човечката топлина. Работењето со човечките потреби и проблеми бара вистинска личност, способна за воспоставување непосредни човечки комуникации и искрено заинтересирана за благосостојба на луѓето во чие име работи. (Banks, 2012; Clark, 2000). Социјалните работници, пред сè, имаат одговорност да ја промовираат благосостојбата и интересите на клиентот (Hepworth, Rooney, at all, 2010: 62). Во таа насока, основната улога на социјалниот работник како професионалец е да обезбеди доверба, сигурност и поддршка на клиентот во реализирањето на неговите капацитети и способности.

Оттука, како темелни вредности врз кои треба да се базира праксата на социјалната работа се истакнуваат: почитување на посебноста на секој поединец и на неговата индивидуалност и почитување на правото на клиентот на самоопределување. Овие вредности се операционализирани во неколку принципи (Урбанц, 2001):

- социјалниот работник треба да се однесува спрема клиентот како спрема поединец, избегнувајќи ги класификациите;
- социјалниот работник треба да го поттикнува клиентот да учествува во процесот на решавање на проблемите;
- социјалниот работник треба да очекува, да ги открива и користи потенцијалите на клиентот во решавањето на проблемите;
- социјалниот работник треба да го истакнува достоинство на клиентот низ сопствената комуникација.

Почитувањето на правото на самоопределување на клиентот, кое се темели на верувањето дека поединецот има право самостојно да донесува одлуки (Turner, 2011), значи подготвеност на социјалните работници да бараат и да им понудат на клиентите алтерантивни решенија, кои клиентот може но и не мора да ги прифати (Урбанец, 2001). Тоа значи дека социјалните работници не треба да се сметаат себеси како неприкосновани авторитети и експерти кои ќе одлучуваат „што е најдобро за клиентот“, туку да ги поттикнуваат клиентите самостојно да ги донесуваат своите одлуки, да ги откриваат своите потенцијали и да ја преземат контролата врз својот живот. На тој начин треба да се промени фокусот на социјалниот работник – од проблемите и патологијата кон потенцијалите на клиентот, т.е. кон „силните страни“ на клиентот.

Бидејќи социјалниот работник во секојдневната работа со клиентите има специфични и различни професионални улоги, кои се заемно поврзани, комплементарни и реципрочни и кои произлегуваат од основната улога и целите на социјалната работа, како и од методите на работа, за успешно извршување на улогите особено е важно етичкото однесување на социјалниот работник и почитувањето на етичките принципи и стандарди. Во тој процес, професионалните должности и етичките принципи се испреплетени меѓу себе и тие се во основата на секоја квалитетна услуга, чија цел е задоволување на потребите на клиентите. Всушност, професионалните должности произлегуваат од постоечката законска регулатива и етичките стандарди во социјалната работа (Banks, 2012; Clark, 2000). Токму затоа принципите на социјалната работа како интегрален дел во себе ги содржат и етичките принципи. Со усвојувањето на принципите и со чувството на должност и одговорност за нивното спроведување, воедно се градат и есенцијалните (суштински) квалитети на социјалниот работник, како битна димензија за успешно извршување на професионалната должност.

Постојат различни класификации на основните принципи во социјалната работа, но сите тие во основа ги содржат истите етички елементи, а кои се само различно групирани. Етичките принципи усвоени на меѓународно ниво, начелно, се поделени во две групи: (IFSW, 2010)

- принципи што се однесуваат на човековите права и достоинство (почитување на правото на самоопределување, правото на учество, идентификување и развивање на вештини);

- принципи што се однесуваат на социјалната правда (да не се предизвикува негативна дискриминација, да не се применуваат нефер политики и практики; солидарност во работата).

Овие етички принципи се разгранети и обединети во посебни етички кодекси, како збир на правила за професионалното однесување на социјалните работници.

**Етичките кодекси во социјалната работа**

На меѓународно ниво, од страна на Интернационалната федерација на социјалните работници, во 1976 година, е усвоен *Интернационалниот етички кодекс за професионалните социјални работници* (Internacional Code of Ethics for the Professional Social Worker), врз чија основа се изградени интернационалните етички стандарди за социјалните работници. Овие стандарди се подлежни на редовни измени и дополнувања од страна на стручни лица од повеќе земји, а во согласност со современите промени и трендови во социјалната работа. Етичкиот кодекс, заедно со интернационалните етички стандарди, воедно служат и како патоказ во изработувањето на посебните етички кодекси наменети за социјалните работници во одделни држави.

Во Република Македонија, за разлика од другите држави од поранешна Југославија кои имаат усвоено посебни кодекси за социјалните работници,[2] од осамостојувањето па сè до денес, не е изработен етички кодекс за социјалните работници кој би бил во дослух со промените во општеството, современите трендови во социјалната работа и меѓународните професионални и етички стандарди. Првиот Етички кодекс за социјалните работници е донесен во времето на Социјалистичка Република Македонија, на 15 декември 1981 година, од страна на Здружението на социјални работници. По осамостојувањето на нашата држава и преведувањето на сите документи од важен интерес за државата, се вложени напори за изработка на нов етички кодекс, што може да се означи како чекор напред во социјалната работа, но таквиот кодекс сè уште постои во форма на нацрт-кодекс. Целта била да се измени постојниот кодекс и тој да се надополни со нови содржини кои би биле во согласност со промените во општеството. Според замислата, новиот етички кодекс треба да ги содржи: општите норми на однесување на социјалните работници, етичките одговорности на социјалниот работник спрема клиентите, спрема другите колеги од ист или сличен профил, спрема работодавецот и установата во која работи и етичките одговорности на социјалниот работник спрема општеството.

Во 2012 година, од страна на Заводот за социјални дејности е усвоен Кодексот на однесување за вработените во социјалната заштита, кој не е посебно

---

[2] Така, на пример, во Република Србија, од страна на Здружението на социјални работници е донесен Кодекс на професионалната етика за социјалните работници. Во Република Хрватска постои Етички кодекс на социјалните работници, а во Република Словенија е донесен Кодекс на етички принципи во социјалната заштита.

адаптиран за социјалните работници, но тој опфаќа поголем дел од точките содржани во етичкиот нацрт-кодекс. Во овој кодекс се поставени стандарди на однесување во однос на: корисниците на услуги, другите стручни лица, работодавецот, установата во која се работи и другите установи, професијата и заедницата. Така, на пример, во стандардите за однесувањето на стручните лица кон корисниците се истакнати следниве етички принципи: да се почитуваат основните права, вредности и достоинство на сите луѓе, да се уважува нивното право на приватност и тајност, да се преземаат сите мерки за заштита на правата на корисникот, да се почитуваат и да не се дискриминираат корисниците во остварувањето на правата од социјална заштита и по кој било основ да не се повредат основните човекови права на корисниците. Но, овој кодекс не е адаптиран на современите трендови во социјалната работа и доколку се прекрши одреден етички принцип, се одговара пред Комисијата за лиценцирање, бидејќи не постои комора на социјалните работници.

## Ставовите на социјалните работници за примената на етичките принципи во социјалната работа во Република Македонија

Со цел да се претстави состојбата во Република Македонија од аспект на почитувањето и примената на етичките принципи во доменот на социјалната работа и заштита, во овој дел на трудот ќе бидат презентирани дел од добиените резултати од спроведеното истражување од страна на Билјана Нацковска–Вељковиќ. Истражувањето е спроведено во осум града во Република Македонија (Скопје, Битола, Прилеп, Тетово, Велес, Куманово, Струмица, Охрид), со времетраење од шест месеци.[3] Притоа, вкупно се анкетирани 100 социјални работници (по случаен избор), вработени во осумте центри за социјална работа во Република Македонија (што претставува намерен примерок од територијални единици). Применет е комбиниран анкетен прашалник со отворени и затворени прашања и воедно е спроведено полуструктурирано интервју со експерти, вработени во Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности и Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. Интервјуираните испитаници се избрани по случаен избор, а намерен примерок се институциите во кои се вработени интервјуираните.

Прашањата чиишто одговори укажуваат на етичката свест и етичкото однесување на социјалните работници и нивното почитување на етичките принципи се во контекст на: приоритетите на социјалните работници во работата со клиентите, што подразбираат социјалните работници под етика во социјалната работа, кои вредности и особини треба да ги поседува еден социјален работник, колку социјалните работници се почитувани од страна на клиентите, колегите и претпоставените, дали постои дискриминаторски однос кон клиентите и дали се почитува принципот на професионална тајна.

---

[3] Истражувањето е спроведено во 2014 година со цел се добијат конкретни сознанија за состојбата во Република Македонија од аспект на влијанието на современите трендови во социјалната работа врз етичкото профилирање на социјалните работници.




**Графикон 1**. Приоритетите на социјалните работници во работата со клиентите




**Графикон 2.** Изјаснување на социјалните работници за етиката во социјалната работа

Од добиените одговорите за приоритетите на социјалните работници во работата со клиентите (Графикон 1), може да се забележи дека социјалните работници речиси еднакво се залагаат да им помогнат на своите клиенти да ги остварат своите права и да ги користат услугите и ресурсите во заедницата. Оттука не зачудува и одговорот на речиси сите анкетирани социјални работници кои под етика во социјалната работа подрабираат почитување на човековите и социјалните права на единката (Графикон 2).

Најголемиот дел од испитаниците како човекови права ги истакнуваат: правото на живот, слобода и изразување, правото на почитување на личноста и нејзината приватност, почитување на правата загарантирани со меѓународни конвенции и Уставот во државата. Имено, 26% од испитаници се изјасниле за почитување на личноста и во ист процент (26%) се изјасниле за почитување на уставните права и на правата декларирани во меѓународните конвенции. 37 % од испитаниците го истакнале правото на живот, слобода и изразување, а 11% немале одговор. Под социјални права на клиентот, 48% од анкетираните социјалните работници подразбираат почитување на правата од областа на семејната и социјалната заштита, за 46% тоа се образованието, домувањето, вработувањето и здравството, а само 6% не одговориле на прашањето.




**Графикон 3**. Изјаснување на социјалните работници за почитување од страна на клиентите

Што се однесува до почитувањето на социјалните работници од страна на клиентите, може да се уочи дека поголемиот дел од социјалните работници (59) сметаат дека не се еднакво почитувани сите клиенти. 40 испитаници се изјасниле дека се почитувани од сите клиенти со кои работаат, а само еден испитаник нема одговор (Графиконот 3).




**Графикон 4**. Изјаснување на социјалните работници за почитување од страна на колегите со кои работат

Речиси слична е состојбата и во однос на почитувањето на социјалните работници од страна на колегите со кои работат. Поголемиот број испитаници (53) сметаат дека не се почитувани еднакво од сите колеги, наспроти 42 испитаници кои се изјасниле дека се почитувани од своите колеги. Само еден социјален работник смета дека не е почитуван од своите колеги, а четворица испитаници немаат одговор.




**Графикон 5**. Изјаснување на социјалните работници за почитување од страна на работодавецот

Кога станува збор за почитување на социјалните работници од страна на работодавецот, не треба да се занемари податокот што говори дека голем дел од анкетираните социјални работници (44) се изјасниле дека не се секогаш почитувани од страна на работодавецот, наспроти 52 испитаници кои сметаат дека се почитувани од страна на работодавецот. Само двајца испитаници сметаат дека не се почитувани од работодавецот и исто толку немаат одговор.




**Графикон 6**. Изјаснување на социјалните работници за дискриминаторски однос спрема клиентите

Во однос на дискриминирање на странките од страна на социјалните работници, најголемиот број социјални работници (59) сметаат дека клиентите никогаш не се дискриминирани, но не е за занемарување и бројот на социјални работници (39) кои сметаат дека понекогаш се случува клиентите да бидат дискриминирани. Само еден социјален работник се изјаснил дека тоа се случува често, а тројца немаат одговор. Сепак, анкетираните социјалните работници како темелни вредности во работата со клиентите ги издвојуваат: почитувањето на личноста на клиентот и професионалниот однос на социјалниот работник. Тоа го потврдува и одговорот на речиси сите испитаници (95%), кои го истакнуваат недискриминирачкиот однос и толеранцијата на различности.




**Графикон 7**. Изјаснување на социјалните работници за почитување на принципот професионална тајна

Од податоците во Графикон 7 може да се заклучи дека 64 испитаници го почитуваат принципот на професионална тајна, но, исто така, една третина од ис-

питаниците, или 32 социјални работници, не го почитуваат секогаш приципот на професионална тајна. Двајца испитаници сметаат дека не се почитува принципот на професионална тајна и двајца немаат одговор.




**Графикон 8**. Изјаснување на социјалните работници за земање податоци од клиентот пред други колеги кои не работат со тој клиент

Од друга страна, податоците од Графикон 8 говорат дека принципот на професионална тајна не се почитува доследно од страна на поголем број социјални работници. 46 социјални работници понекогаш земаат податоци во присуство на други колеги, а 29 од испитаниците го прават тоа многу често. Како причина за прекршување на овој принцип се наведуваат просторните и техничките пречки. Само 17 социјални работници од вкупно 100 испитаници никогаш не земаат податоци пред други колеги, а осуммина од нив немаат одговор.

Како најважни особини кои треба да ги поседува социјалниот работник, 97% од испитаниците ги истакнуваат: емпатијата, професионалноста, комуникативноста, толерантноста, моралноста и доверливоста. Само 3% од испитаните социјални работници немаат одговор на ова прашање.

Одговорите на анкетираните социјални работници во голема мера се поклопуваат со одговорите на интервјуираните експерти, според кои професионалниот профил, личниот и професионалниот интегритет се важни параметри за квалитетот на испорачаната услуга на клиентите. Според нив, деловниот однос, како и самата дејност на социјалниот работник подразбираат способност за емпатија, желба за учење и професионално надградување, примена на нови методи во решавањето на проблемите, изнаоѓање заеднички решенија заедно со клиентите, како и подготвеност самите да се менуваат во текот на работата.

За интервјуираните експерти особено е важно каков вредносен систем има изградено потенцијалниот социјален работник, пред тој да започне со своето профилирање, и колку тој може да се промени во текот на неговото образование. Затоа тие сугерираат дека е потребно да се посвети пособено внимание на личноста на студентот при запишување на факултет. Исто така, тие истакнуваат дека при имплементацијата на политиките треба да се посвети поголемо внимание на

начинот на кој социјалните работници ќе станат подостапни и поотворени за граѓаните.

Интервјуираните посочуваат и на промените на вредносниот систем во меѓународните кодекси, насочени кон поголема сензибилизација на социјалните работници во однос на правата на клиентите и почитувањето на разликите (етнички, верски итн.). Бидејќи менаџирањето продира во сите аспекти на социјалната работа, според нив треба да се менува и односот на социјалниот работник кон претпоставениот (и обратно), кон самиот себе, кон клиентот, останатите колеги и општествената заедница, воопшто.

**Заклучок**

Општата слика која се добива од спроведената анкета, а се потврдува и од страна на интервјуираните експерти, е дека поголемиот број социјални работници се залагаат да им помогнат на своите клиенти да ги остварат своите права, да ги користат услугите и расположливите ресурси во заедницата. За нив професионалната етика значи почитување на човековите и социјалните права на единката, и за кои може да се каже дека добро ги познаваат. Од вредностите што треба да ги поседува социјалниот работник, посебно се истакнуваат: почитувањето на личноста на клиентот, професионалниот, недискриминирачкиот и толерантниот однос на социјалниот работник кон клиентот. Како најважни особини што треба да ги поседува социјалниот работник се истакнуваат: емпатијата, професионалноста, комуникативноста, моралноста и доверливоста, што доаѓа, пак, до израз во извршувањето на професионалната дејност.

Резултатите добиени од спроведеното истражување, исто така, укажуваат дека социјалните работници се насочени кон помагање и остварување на правата и интересите на клиентите. Меѓутоа, кај некои од социјалните работници може да се забележи дискриминирачки однос кон клиентите. Исто така, поради условите на работа, многу често се случува социјалните работници да земаат податоци во присуство на друг колега/колешка, со што, всушност, се прекршуваат етичките принципи – дискреција на клиентот и чување на професионална тајна. И покрај тоа што социјалните работници се свесни и сметаат дека треба да се почитува принципот на приватност и професионална тајна (која е и законски регулирана со член 207 во Законот за социјална заштита од 2009 и 2013 година), поради организациската поставеност, тие не се секогаш во можност доследно да го почитуваат овој принцип, а кој е воедно и етичко начело и законска обврска.

Од добиените резултати може да се заклучи дека социјалните работници имаат добра комуникација со клиентите, полна со разбирање, доверба и почит, но, и покрај тоа, тие не се секогаш почитувани од страна на клиентите. Причината може да биде во самите барања на клиентите, кои не се секогаш во рамките на законските одредби. За надминување на ваквата состојба е потребно да се преземат конкретни активности, како што се, на пример, организирање курсеви и семинари за поуспешно справување на социјалните работници со конфликтни ситуации и, воедно, да се организираат јавни дебати за корисниците на правата и услугите од

социјалната заштита, со цел тие подобро да се запознаат со законските можности во овој домен.

Социјалните работници работат во тимови, па оттука не треба да се занемари и бројот на социјални работници кои не се почитувани од страна на другите колеги, како и од страна на своите претпоставени.

Добиените резултати од спроведената анкета и експертските интервјуа, кои јасно посочуваат дека етичките принципи и стандарди доследно не се почитуваат во секојдневната пракса, само ја потврдуваат потребата од создавање нов етички кодекс, посебно наменет за социјалните работници, кој ќе биде во корелација со современите трендови во социјалната работа и етичките принципи и стандарди содржани во меѓународните етички документи и декларации. Ваквиот етички кодекс треба да биде во функција на подоследно и поефикасно применување на професионалните и етички стандарди, од што зависи, пак, успешното и квалитетно извршување на работните задачи и различните професионални улоги кои социјалниот работник ги има во секојдневната работа со клиентите.

## Литература


Banks, S. (2012) *Ethics and Values in Social Work.* New York: Palgrave Macmilian.

Борота–Поповска, М. (2004) *Деловна етика.* Скопје: Де Гама.

Clark, C. (2000) *Social Work Ethics: Polities, Principles and Practice.* London: Macmillan.

Hepworth, D., Rooney, R., at all. (2010) *Direct social work practice, theory and skills.* Canada: Brooks/Cole.

Dramond, Dz., Bein, B. (2001) *Poslovna etika.* Beograd: CLIO.

IFSW (2010) – International Federation of Social Workers, Europe. Standards in Social Work Practice meeting Human Rights; достапно на: http://www.ifsw.org.europe; пристапено на 22.4.2016.

Меки, Џ. (2004) *Етика.* Београд: ПЛАТО.

Milosavlevič, M. (2002) „Prevencija u socijalnoj zastiti – zablude i stvarne Mogučnosti". *Socijalna misao: časopis za teoriju i kritiku socijalnih ideja i prakse.* Beograd: Socijalna misao 4, vol. 9, str. 37-53.

*Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита.* (2012) Скопје: МТСП и ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

Нацковска-Вељковиќ, Б. (2016) *Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа* (докторски труд одбранет на 29 февруари 2016 година на Филозофски факултет во Скопје).

Симоновска, С., Скаловски, Д. (2012) *Етиката и родот.* Скопје: Филозофски факултет.

Trevithick, P. (2004) *Social work skills a practice handbook.* New York: Open University Press.

Turner, F. (2011) *Social Work Tretmans: Interlocking Theoretical Approaches.* New York: Oxford University Press.

Urbanc. K. ( 2001) „Etika i vrednosti u socijalnom radu". *Letopis socijalnog rada* 2, vol.8, str.153-164.

Видановиќ, И. (1998) *Појединац и породица.* Београд: Научно-истражувачки центар за социјални рад и социјалну политику Факултата политичких наука.

Закон за социјална заштита.„ Службен весник на РМ", бр 79/09, бр. 148/13.

*Suzana SIMONOVSKA*
*Biljana NACKOVSKA-VELJKOVIC*

## ETHICS AND SOCIAL WORK

***Summary***

*Resulting from the fundamental role of the social work as an aiding profession, which is aimed to serve and assist citizens who have a certain social need, the purpose of this paper is to update the correlation between ethics and social work. In fact, the goal is to show the importance of the social workers' ethical behavior and the need for respecting ethical principles and codes of conduct, something which is neglected in our country. This can be seen by the fact that since the independence of the Republic of Macedonia, no ethical code specifically designed for social workers has been worked out.*

***Keywords***: *ETHICS, PROFESSIONAL ETHICS, SOCIAL WORK, ETHICAL PRINCIPLES, VALUES AND ETHICAL CODE*